# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 3 Октомври 2008 година<br>Службен гласник број 12<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС НА ЛОКАЛНИТЕ ФУНКЦИОНЕРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Етичкиот кодекс на локалните функционери во Република Македонија, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2582/2
03.11.2008 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008, Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 30.10.2008 година, донесе:

**ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ЛОКАЛНИТЕ ФУНКЦИОНЕРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПОГЛАВЈЕ I – ОПФАТ НА КОДЕКСОТ**

*Член 1 – Предмет на кодексот*

Предмет на овој Кодекс е да се пропишат задолжителните стандарди на однесување на функционерите и да се информираат граѓаните, медиумите, деловната заедница, граѓанскиот сектор, како и другите засегнати страни за стандардите на однесување кои функционерите имаат обврска да ги почитуваат.

*Член 2 – Значење на изразите употребени во Кодексот*

Изразите во овој Кодекс го имаат следното значење:

- *окален функционер* (во понатамошниот текст: *функционер*) го опфаќа секое избрано и именувано лице во општините или градот Скопје, како и во јавните претпријатија, институциите и другите организации основани од нив;
- *окална самоуправа* ги опфаќа сите општини во Република Македонија и градот Скопје;
- *олжност* ги означува надлежностите што произлегуваат од избраната или именувана позиција, како и сите активности што ги извршува функционерот во согласност со тие надлежности.

**ПОГЛАВЈЕ II – ПРИНЦИПИ**

*Член 3 – Почитување на законите и актите на локалната самоуправа*

Функционерот ја извршува должноста во согласност со законот, актите на локалната самоуправа, Етичкиот кодекс и сите други прописи што ја определуваат неговата должност и секоја своја постапка во целост ја приспособува кон нив.

*Член 4 – Приоритет на јавниот интерес и негова заштита*

Во извршувањето на должноста, функционерот му служи исклучиво на јавниот интерес, а не на директни или индиректни лични интереси, на

интересите на поединци или групи поединци или на интересите на политичките партии.

*Член 5 – Одговорност и отчет пред граѓаните*

Функционерот е избран од граѓаните на локалната заедница или именуван во нивно име и за вршењето на должноста е одговорен првенствено и најмногу пред нив, вклучувајќи ги и оние граѓани што не гласале за него или за неговата листа на кандидати.

*Член 6 – Заштита на угледот на локалната самоуправа*

Во вршењето на должноста и во приватниот живот, за времетраењето на мандатот функционерот постапува на начин што нема да му наштети на неговиот углед, угледот на администрацијата на локалната самоуправа или на локалната самоуправа во целина.

*Член 7 – Заштита на имотот и средствата на локалната самоуправа*

Функционерот е свесен дека имотот и средствата со кои располага и за кои одлучува во вршењето на должноста, им припаѓаат на граѓаните на локалната самоуправа и кон нив се однесува крајно одговорно и се грижи тие да се заштитат од злоупотреби.

*Член 8 – Исполнување на изборната програма и ветувањата*

Функционерот го добива мандатот врз основа на изборната програма и заложбите и во вршењето на должноста се придржува кон нив, настојувајќи со нивното исполнување да го подобри животот на граѓаните и на локалната заедница во целина.

## ПОГЛАВЈЕ III – КОНКРЕТНИ ОБВРСКИ

### *Глава 1 – Пред преземање на должноста*

*Член 9 – Однесување во изборните кампањи*

Функционерот учествува во изборната кампања само со аргументирано спротивставување на програми, а не со клеветење на другите кандидати, политички партии или политичари, други поединци, со употреба на насилство и/или закани, со поткупување или со давање или ветување услуги.

*Член 10 – Финансирање на изборните кампањи*

Свесен за законските обврски во однос на финансирањето на изборните кампањи, функционерот нема да се согласи со користење на буџетски средства или средства на јавни фондови и јавни претпријатија за чија било изборна кампања, ниту, пак, за неа ќе бара или ќе прими средства од нелегални извори.

### *Глава 2 – Извршување на должноста*

*Член 11 – Откажување од злоупотреба на должноста*

Функционерот, свесен за обврските што произлегуваат од законите и прописите на локалната самоуправа, во вршењето на должноста, ниту една своја постапка или активност нема да ја насочи кон злоупотреба на службената положба.

*Член 12 – Спречување на коруптивно однесување*

Во извршувањето на должноста, функционерот е обврзан да се спротивстави на секое однесување што, согласно со законите, се квалификува како активно или пасивно подмитување или обезбедување поволности на некое лице или субјект.

Во случај на сомневање за тоа дали е определено однесување коруптивно, функционерот постапува согласно со законите и може да се обрати за мислење до антикорупциските институции и до органите за спроведување на законот и постапува согласно со препораките добиени од нив.

*Член 13 – Спречување на судир на интереси*

Кога во вршењето на должноста функционерот е во ситуација да учествува во одлучување за прашање во кое има и личен или каков било друг интерес освен јавниот, секогаш и исклучиво го заштитува јавниот интерес.

Ако функционерот има свој интерес во прашање во чие одлучување учествува, тоа ќе го пријави на телото што одлучува за прашањето пред да се почне со постапката по него, ќе побара свое исклучување од одлучувањето и на никаков начин нема да влијае врз оние што одлучуваат за него.

*Член 14 – Ограничување на истовремено вршење на две или повеќе функции*

Функционерот не може истовремено да врши повеќе од една избрана или именувана, локална или државна должност, како и каква било друга позиција што може да го спречи или да го оттргне од извршувањето на неговата должност во локалната самоуправа.

Особено не може да биде во позиција да врши надзор над сопствените задолженија во локалната самоуправа, ниту, пак, да биде ангажиран во активности од кои произлегува очигледен и неизбежен судир на интереси.

*Член 15 – Примена на дискреционите овластувања*

Дискреционите овластувања се користат по исклучок и согласно со законите и актите на локалната самоуправа, а функционерот што донел таква одлука е должен да има, и на барање да даде, детално објаснување за основите и причините за таквата одлука.

*Член 16 – Ограничување на примање и давање подароци*

Функционерот не бара, не прима, ниту допушта друг во негово име да прифати или да даде подароци, услуги, гостопримство

или друга лична корист поврзана со вршењето на должноста, освен изрази на благодарност со симболична вредност, чиј износ е пропишан со закон или со акт на локалната самоуправа.

*Член 17 – Почитување на буџетската и финансиската дисциплина*

Функционерот одговорно се однесува кон буџетот на локалната самоуправа и странската помош, особено кон задолжувањето на општината надвор од предвидените буџетски ставки и доследно се придржува до актите што го регулираат финансиското работење.

**Глава 3 – По напуштањето на должноста**

*Член 18 – Ограничување на поволности по напуштањето на должноста*

По напуштањето на должноста, функционерот не се ангажира на работа во приватни фирми врз кои, во време на мандатот, вршел надзор или воспоставувал договорен однос.

**ПОГЛАВЈЕ IV – НАЧИНИ НА НАДЗОР**

**Глава 1 – При преземање на должноста**

*Член 19 – Утврдување на изворите и трошоците за кампањата*

Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа, а се насочени кон утврдување на изворите за финансирање на неговата кампања и висината на трошоците за неа.

**Глава 2 – Во извршување на должноста**

*Член 20 – Пријавување на интересите*

Функционерот доследно ги почитува прописите за пријавување на имотната состојба, личните и семејните интереси.

*Член 21 – Придржување до внатрешните и надворешните мерки на надзор*

Функционерот на никој начин нема да ги попречува мерките и активностите што се во согласност со законот или со актите на локалната самоуправа, а се насочени кон надзор над неговата работа.

*Член 22 – Обврска за пријавување на коруптивно барање и однесување*

Ако функционерот дознае за коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа, должен е тоа веднаш да го пријави на институциите за спречување на корупцијата и на органите на прогонот.

*Член 23 – Заштита на предупредувачите*

Функционерот ги почитува и ги заштитува другите функционери или вработените во администрацијата на локалната самоуправа кои, заради заштита на јавниот интерес, предупредуваат на коруптивно или неетичко однесување во локалната самоуправа.

**ПОГЛАВЈЕ V – ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

*Член 24 – Јавност во донесувањето на одлуките*

Функционерот е должен да даде детални причини за донесените одлуки и постапки, освен за оние што со пропис се прогласени за доверливи, при што особено внимание им обрнува на факторите што потврдуваат дека се таквите постапки во согласност со прописите и дека се во јавен интерес.

**ПОГЛАВЈЕ VI – ОДНОСИ СО ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

*Член 25 – Вработувања и унапредувања во локалната самоуправа*

Функционерот се залага за спречување на вработување и унапредување во администрацијата на локалната самоуправа врз основа на кои и да е други начела освен начелата на стручност, компетентност и покажани позитивни резултати во работата.

*Член 26 – Почит кон вработените во локалните органи на власта*

Функционерот ги почитува и професионално се однесува кон вработените во администрацијата на локалната самоуправа, без оглед на нивната етничка, верска и политичка припадност или убедување и од нив не бара да се однесуваат на незаконски, коруптивен или неетички начин.

*Член 27 – Унапредување на работата на локалната самоуправа*

Во рамките на својата должност, функционерот се залага за подобрување на условите за работа, мотивираноста и отчетот на администрацијата на локалната самоуправа, особено за ефикасно и ефективно обезбедување на услугите на граѓаните.

**ПОГЛАВЈЕ VII – ОДНОСИ СО МЕДИУМИТЕ**

*Член 28 – Активна и пропорционална транспарентност*

Функционерот одговара исцрпно, искрено и целосно на секое барање од медиумите што се однесува на информации во врска со вршењето на неговата должност, но нема да дава доверливи информации или информации во поглед на приватниот живот на функционерите или на трети лица.

Функционерот ги поттикнува и промовира мерките што служат за подобрување на мерките за медиумска покриеност на неговите овластувања, извршувањето на неговите задолженија и функционирањето на службите и одделите што се под негово раководство.

Во случај да нема доволна медиумска покриеност на општинските активности, со што би се обезбедила информираност на јавноста, функционерот ќе преземе соодветни програмски иницијативи за да се обезбеди таква покриеност.

**ПОГЛАВЈЕ VIII – ИНФОРМИРАЊЕ, ДИСТРИБУЦИЈА И ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА**

*Член 29 – Поддршка на спроведувањето на Етичкиот кодекс*

Функционерот ги почитува медиумите, деловната заедница и граѓанскиот сектор и бара активна поддршка од нив во поттикнувањето на свеста за потребата за етичко однесување.

*Член 30 – Прифаќање на Етичкиот кодекс од функционерите*

Пред стапување на должност, функционерот по писмен пат потврдува дека ги разбрал и ги прифаќа обврските од овој Кодекс и дека ќе се однесува во согласност со нив, што е неформален услов за преземање на должноста и започнување со нејзиното вршење.

*Член 31 – Прифаќање на Етичкиот кодекс од кандидатите на изборите*

Како потврда на намерата да се однесуваат етички и одговорно ако бидат избрани или именувани, кандидатите за функционери во локалната самоуправа можат писмено да го прифатат овој Кодекс.

*Член 32 – Објавување на Етичкиот кодекс*

Во рамките на можностите, локалната самоуправа презема мерки за што поширока дистрибуција на Кодексот со цел - со него да бидат запознаени сите вработени во локалната самоуправа и колку што е можно поголем број граѓани, медиуми и невладини организации.

*Член 33 – Следење на спроведувањето на Кодексот на ниво на локалната самоуправа*

Советот на локалната самоуправа може да основа тело за следење на почитувањето на овој Кодекс, кое може на функционерите, граѓаните и на медиумите да им дава објаснување за суштината на Кодексот, како и за деталите околу неговото спроведување.

*Член 34 - Следење на спроведувањето Кодексот на државно ниво*

Со прифаќањето на овој Кодекс, функционерот ја прифаќа и надлежноста за следење на неговото почитување од страна на тело на државно ниво, кое би можело да биде формирано или одобрено од Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Број 07 - 2562/3
30.10.2008 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА СПРОВЕДЕНА ПРЕВЕНТИВНА СИСТЕМАТСКА ДЕЗИНСЕКЦИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ПРИЛЕП**

1. Заклучокот по Информацијата за спроведена превентивна систематска дезинсекција на подрачјето на град Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2582/3
03.11.2008 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 30.10.2008 година, претресувајќи ја Информација за спроведена превентивна систематска дезинсекција на подрачјето на град Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Информацијата за спроведена превентивна систематска дезинсекција на подрачјето на град Прилеп

1. Се усвојува Информацијата за спроведена превентивна систематска дезинсекција на подрачјето на град Прилеп.
2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Прилеп, Заводот за здравствена заштита и архивата на Општина Прилеп.
3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2562/4
30.10.2008 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ИЗБОРНИТЕ ПРЕДМЕТИ ВЕРОНАУКА И ЗАПОЗНАВАЊЕ НА РЕЛИГИИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ПРИЛЕП**

1. Заклучокот по Информацијата за изборните предмети веронаука и запознавање на религиите во основните училишта во Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2582/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 30.10.2008 година, претресувајќи ја Информацијата за изборните предмети веронаука и запознавање на религиите во основните училишта во Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Информацијата за изборните предмети веронаука и запознавање на религиите во основните училишта во Прилеп

1. Се усвојува Информацијата за изборните предмети веронаука и запознавање на религиите во основните училишта во Прилеп.
2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Прилеп и архивата на Општина Прилеп.
3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2562/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗИМСКАТА СЛУЖБА А ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА СЕЗОНАТА 2008/2009 ГОДИНА**

1. Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Прилеп тза сезоната 2008/2009 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2582/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.36 ст.1 т.1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„бр.5/2002) и чл.26,ст.1,т.1 од Статутот на општина Прилеп („Сл.гласник на општина Прилеп„бр.6/2003),Советот на општина Прилеп на седницата,одржана на 30.10.2008 година, донесе:

**ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА**
**за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето од Општина Прилеп, за сезоната 2008/2009**

1.Цел на Програмата;
2.Обем,динамика и ниво на одржувањето;
3.Организациска поставеност на зимската служба и обврски на учесниците:
3.1.Претпријатие на кое ќе му биде доверена работата;
3.2.Советот на општината Прилеп;
3.3.Надзорен орган;
3.4.Општински центар за справување со кризи;
3.5.Други учесници;
3.6.Организации,заедници и граѓани;
4.Прилози:

4.1.Преглед на приоритетното чистење и посипување на сообраќајниците во градот;

4.2.Список на одговорните лица од претпријатието на кои ќе му биде отстапена работата, со Одлука на Управниот Одбор;

4.3.Карта-ситуација за приоритетот на расчистувањето на сообраќајниците:

-сообраќајници од прв и втор приоритет;

-критични(црни) точки;

-должините на коловозните површини за ослобување се дадени во прегледот за приоритетно чистење и расчистување на сообраќајниците (дел 4.1. и 4.2.) и изнесуваат 38.000,00м.од I приоритет и 11.550 м. од II приоритет.

**ВОВЕД**

Одржувањето на коловозните површини и нивното оспособување за прием на сообраќајот во зимските услови претставува значајна потреба на граѓаните и стопанството,бидејќи се можни нарушувања и прекини на нормално одвивање на сообраќајот во градот.Особено се неповолни изненадувањата од временските непогоди посебно при несоодветно извршена подготовка на надлежните органи.

Оваа Програма тргнува,пред се,од претпоставката за обезбедување на одговорен однос на сите во Општината,особено на тој начин би имале поприфатливи услови за сообраќајот и би овозможиле рационално и економично извршување на Програмата. Уште позначајно е што ќе се создадат потребните услови за нормално одвивање на стопанските и други дејности.

**1.Цел на Програмата**

Програмата има цел да предвиди услови за ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општината Прилеп преку:

-одредување обемот на работата и нивото на чистењето на снегот и голомразиците од коловозните површини;

-дефинирање на работите и задолженијата на учесниците во реализацијата на оваа Програма;

-дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на Програмата.

**2.Обем,динамика и ниво на одржување**

2.1.*Обем на одржување*

Тргнувајќи од основната цел на Програмата, физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот и тоа:

-сообраќајниците по соодветен приоритет, по кој се одвива сообраќајот, виталните сообраќајници и пристапи(од сообраќајниците до објектот) до објектите чие фуникционирање е од витално значење за градот.

2.2.*Ниво и динамика на одржувањето*

Расчистувањето на коловозните површини се врши по следниот приоритет:

-сообраќајници од 1 приоритет по кој се одвива сообраќајот со критични точки и пристап кон објекти кои се од витално значење за градот и други сообраќајници означени во прегледот.

-сообраќајници од 2 приоритет.

Отстранувањето на подмразнатиците во услови кога нема врнежи(падавини) се врши по приоритетот на критичните точки и сообраќајниците по кои се одвива сообраќајот.

Дежурството се обезбедува континуирано за зимскиот период.

Одговорните работници на дежурство вршат потребни контакти со сите субјекти,ја спроведуваат Програмата и даваат потребни информации на надлежните субјекти и граѓани.

Дежурството го изведуваат работниците на претпријатието на кое ќе му бидат доверени работите, со својата ангажирана маханизација, работната сила и тоа според приоритетноста одредена со оваа Програма.

Сообраќајниците од прв приоритет ќе бидат оспособени за функционирање на сообраќајот во зимски услови најдоцна до 06,30 часот поради доаѓањето на работните места на луѓето и учениците или за најмногу од 5(пет) часа по престанокот на врнежите од снег.

Останатите сообраќајници од 2 приоритет ќе се оспособуваат за 12-24 часа по оспособувањето на сообраќајниците од 1 приоритет.

Доколку е потребно да се вклучи и друга механизација, тоа го врши претпријатието на кое му е доверена работата, по претходна согласност од надзорниот орган, а по налог на нарачателот.

Механизацијата, опрема, материјални и работна сила

| | |
|---|---|
| Камион со нож за чистење на снегот и посипувач | 2 |
| Камион со посипувач | 1 |
| Грејдер | 1 |
| Утоварачи со предна корпа | 1 |
| Утоварач со предна корпа и нож за чистење на снег | 1 |
| Булдожер-гасеничар со нож | 1 |

**3.Организациска поставеност на зимската служба и обврска на учесниците**

На подрачјето на општина Прилеп, зимската служба ја организира Единицата на локална самоуправа-Прилеп, како носител на сите работи и активности кои се однесуваат на целокупното функционирање на зимската служба.

Преку својот надзорен орган ја следи реализацијата на Програмата и издава налози за работата.

Согласно Законот за јавни набавки се одредува претпријатие кое ќе ја спроведува Оперативната Програма и остварува соработка со сите други субјекти во Општината задолжени за спроведување на Програмата за зимска служба.

Функционирањето на зимската служба се остварува со следната организациска поставеност:

3.1.*Претпријатие на кое ќе му бидат отстапени работите*

Претпријатието на кое ќе му бидат отстапени работите, формира тело за организирање и раководење на Зимската служба.Телото ја следи реализацијата на оваа Програма, работата на пунктот и заедно со Стручната служба одлучува за преземање потребни активности предизвикани од времените неприлики.

Претпријатието ги има следните задолженија:

-организира непрекинато дежурство преку целиот зимски период, во текот на сите 24 часа;

-со специјални машини,опрема и работна рака врши посипување на индустриска сол за отстранување на подмрзнатица од коловозните површини;

-возилата, машините и другата потребна механизација ја доведуваат во исправна состојба за дејствување во зимски услови;

-води целосна документација за работата на Зимската служба;

-доставува до нарачателот распоред на лица за дежурство, со податоци за работната рака и механизација;

-секојдневно и редовно го информира нарачателот за работата на Зимската служба, како и надзорниот орган;

-ги прима и секојдневно ги доставува до ЦИТ извештаите и прогнозите за временските услови, нарачателот и Министерството за внатрешни работи;

-секојдневно изготвува извештај за извршените работи од смената во Зимската служба, во соработка со раководителот на смената;

-врши редовно и тековно одржување на воизлата и специјалните машини како и на другата механизација;

-организира редовно дежурство со потребна опрема и алат, резерви делови и стручен кадар за обезбедување исправноста на механизацијата и дејствување на Зимската служба;

-За сезоната 2008/2009 година се обезбедуваат следните материјали:

-набавка на песок (ризла)---------600 м3

-набавка на индустриска сол---------80 Т

Наведените материјали ги набавува и се складираат во плацот на претпријатието на кое му е отстапена работата. Нивната употреба во зимските услови при температури помали од 7 Цс ќе биде како мешавина 3:1(гранулиран песок и сол), заради посипување на нагорни и критични места.

3.2.*Советот на општина Прилеп,со стручните служби*

-ја усвојува оваа оперативна Програма;

-го контролира извршувањето на оваа Програма;

3.3.*Единица на Локална самоуправа*

-ја координира активноста на сите задолжени субјекти во извршувањето на задачите од Програмата;

-преку средствата за јавно информирање, информира за работата на Зимската служба и обврските на учесниците.

3.4.*Надзорен орган*

Надзорниот орган го определува носителот на работите со решение со кое ги определува работните задачи при реализацијата на Програмата за организирање и функционирање на Зимската

служба на подрачЈето на општина Пирлеп за сезоната 2008/2009 година.

Надзорниот орган ги врши следните работи:

1.Ја следи работата на извршителот на работите и за тоа изготвува комплетна техничка документација;

2.Координира со органите и телата на Советот на општина Прилеп, со Центарот за справување со кризи, Министерството за внатрешни работи и други учесници, претпријатија, заедници и граѓани;

3.Дава налог за работа на претпријатието на кое му се отстапени работите.

4.Врши и други работи и работни задачи во врска со реализацијата на Програмата.

3.5.*Општинскиот Центар за справување со кризи*

Општинскиот Центар за справување со кризи не е непосредно вклучен во работата на Зимската служба, меѓутоа Центарот посредно ќе ја следи работата на Службата преку благовремено информирање.

Во случај на појава на елементарни непогоди од поголеми размери на подрачјето на општина Прилеп во зимскиот период, кои не ќе можат да се разрешуваат со организациска поставеност на Зимската служба, Општинскиот Центар прогласува вонредна состојба и непосредно раководи со акциите за отстранување на последиците.Во вакви случаи, товарот е на буџетот на Општината или од други извори што ќе ги утврдат надлежните органи.

3.6.*Други учесници*

3.6.1.Министерството за внатрешни работи-сообраќајната полиција го контролира и регулираа сообраќајот во новонастанатите состојби на сообраќајниците и патиштата и секогаш ќе биде непосредна врска со сите задолжени субјекти, ги отстранува паркираните возила како би се овозможило чистење на сообраќјнците.

3.6.2.Надлежниот општински орган за комунални работи се грижи за спроведување на Одлуката за одржување за комунален ред на подрачјето на Општината Прилеп, во делот за отстранување на снегот и мразот, преку инспекциските служби.

3.6.3.Репбуличкиот хидрометеоролошки завод доставува извештаи и прогнози ( дневни,тродневни,неделни и месечни),за временските услови до:Општината Прилеп, Претпријатието на кое му е доверена работата, ЦИТ на Прилеп, Стручна служба и ндзорот.

3.7.Претпријатија,заедници и граѓани

3.7.1.ЈКП,,Комуналец,,Прилеп-РЕ,,Комунална Хигиена,,-ги превзема потребните мерки за отстранување на снегот и мразот:

-Отворање на пешачки премини;

-Отворање на пешачки патеки по тротоарите и плочниците;

-Чистење на снегот од ивиците на коловозите за нормално функционирање на сливниците;

-Целосно чистење на мостовите;

-Чистење и празнење на уличните корпи;

3.7.2.Електродистрибуција-Прилеп ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електроинсталации.

3.7.3.АД,,Пелагонија Транс,, Прилеп, презема мерки за отстранување на снегот и мразот од автобуската станица и незино оспособување за користење.

3.7.4.АД,,Македонски телекомуникации,,-Скопје, ги презема потребните мерки за чистење на снегот од надвозните ТТ уреди,инсталациите и телефонските говорници.

3.7.5.Претпријатијата и заедниците чии отворени објекти и простории се користат од страна на граѓаните (пазаришта, гробишта, железнички премини, ранжирани станици, бензиски пумпи и слични објекти),преземаат брзи и ефикасни мерки за отстранување на снегот и подмрзнатиците од овие објекти и простории.

3.7.6.Претпријатијата,заедниците и граѓаните-сопственици, односно корисници на деловни згради и деловни простории(стоковни куќи,дуќани, продавници и сл.објекти), преземаат мерки за чистење на снегот од подмразнатицата пред овие објекти.

3.7.7.Граѓаните го чистат снегот и подмразнатицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите станбени згради.

3.7.8.Исто така, граѓаните го чистат снегот од крововите и терасите, при што водат сметка за безбедноста на минувачите, надворешните инсталации и сообраќајот. Исчистениот снег се собира пред зградите и притоа се обезбедува непречен сообраќај.

3.7.9.Сечењето, отстранувањето на гранки и дрва го врши ЈП ,,Комуналец,, -Прилеп.

3.7.10.За сите оние кои нема да ги извршуваат потребните работи ќе се постапува според одлуката за комунален ред.

**4. ПРЕГЛЕД ЗА ПРИОРИТЕТНО ЧИСТЕЊЕ И ПОСИПУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИЦИТЕ-УЛИЦИТЕ**

4.1.Сообраќајниците по кои се одвива сообраќајот, витални сообраќајници, критични точки и пристапи(од сообраќајниците до објектот), до објектите чие функционирање е од витално значење за градот.

4.1.1.УЛИЦИ (1 приоритет) со вкупна должина од 38.000 м.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | „Александар Македонски„-од таблата на влезот од Плетвар, до таблата на излезот од градот кај „Црн Бор„ | 4.500 м. |
| 2 | „11-ти Октомври„-од ОУ„Г.Делчев„(кружен тек)до СО Прилеп | 950 м. |
| 3. | „Ген.Васко Карангелески„ од Бул.„Г.Делчев„ до „Сашо Китаноски„ (стара „Победа„) | 1240 м. |
| 4. | Бул.„Г.Делчев„ од СО Прилеп до Железничка станица | 1700 м. |
| 5. | „Л.Котески„ од рампата на железнички премин до таблата на излез од градот кај Мермерен Комбинат | 1750 м. |
| 6. | „Прилепски Бранители„ (стара „Ѓ.Петров„) од Бул.„Г.Делчев„ до „О.Чопела„ во Варош. | 1500 м. |
| 7. | „О.Чопела„низ Варош до таблата на излезот од градот | 110 м. |
| 8. | „Сотка Ѓорѓиоски„ од Бул.„Г.Делчев„ до „А.Македонски„ | 550 м. |
| 9. | „Цар Самоил„ од „А.Македонски„ до пресекот со М- 5 | 1100 м. |
| 10. | „М.Ацев„ од „А.Македонски„ до „Ѓ.Димитров„ | 600 м. |
| 11. | „Т.Тарцан„ од „М.Ацев„ до „11-ти Октомври„ | 450 м. |
| 12. | „Д.Наредникo„ од Бул.„Г.Делчев„ до „А.Македонски„ | 500 м. |
| 13. | „Кеј 9-ти Септември„ од нас.„Ѓогдере„ (тесниот мост) до ул.„Д.Наредникo„ | 1550 м. |
| 14. | „Кеј 1-ви Мај„ од „Ј.Јорданоски„ до „С.Ѓорѓиоски„ | 1100 м. |
| 15. | „Ј.Јорданоски„ од „11-ти Октомври„ до „С.Китаноски„ | 950 м. |
| 16. | „Борка Талески„ од „Методија Патчев„ до „Битолска„ | 1100 м. |
| 17. | „М.Шаторов Шарло„ од ул.„Битолска„ до „Кеј 1-ви Мај„ | 250 м. |
| 18. | „Браќа Миладиновци„ од Бул.„Г.Делчев„ околу нас. „Точила„ до нас.„Точила-2„ | 1700 м. |
| 19. | „Архиепископ Доситеј„ од „М.Козар„ до Бензиска пумпа кај железничка станица | 1100 м. |
| 20. | „Егејска„ од „Прилепски Бранители„ до Бул.„Г.Делчев„ | 1100 м. |
| 21. | „Кузман Јосифоски„ од „Егејска„ до Бул.„Г.Делчев„ | 500 м. |
| 22. | „Пере Тошев„ од „Браќа Миладиновци„ до „Прилепски Бранители„ | 1600м. |
| 23. | „М.Козар„ од „Прилепски Бранители„ до „ Ген.Васко Карангелески„ | 1050 м. |
| 24. | „Трајко Николоски„ од „А.Македонски„ до Бул. „Гоце Делчев„ | 750 м. |
| 25. | Обиколен пат од Бул.„Г.Делчев„ према Млекара до ул.„Орде Чопела„ | 2000 м. |
| 26. | „Ѓ.Петров„ од „Октомвриска„ до „ А.Македонски„ | 250 м. |
| 27. | „Борка Утот„ од „Сотка Ѓорѓиоски„ до „Д.Наредникo„ | 250 м. |
| 28. | „Октомвриска„ од Кружен тек до „5-та Прилепска Бригада„ | 700 м. |
| | „Партизанска„ од „Прилепски | 450 м. |

| | | |
|---|---|---|
| 29. | Бранители,, до „Петар Ацев,, | |
| 30. | „Петар Ацев,, (стара „Белградска,,) од „Партизанска,, до „ Тризла,, | 200 м. |
| 31. | „Тризла,, од „ Прилепски Бранители,, до Дабничка Река | 1350 м. |
| 32. | „5-та Прилепска Бригада,, од „Октомвриска,, до „А.Македонски,, | 850 м. |
| 33. | „11-ти Октомври,, од „Тризла,, до „М.Козар,, | 450 м. |
| 34. | „Бидимаш,, од „Д.Нареднико,, до рампата на железничка линија | 700 м. |
| 35. | „Републиканска,, од Бул.„Г.Делчев,, до „ Кеј 1-ви Мај,, | 300 м. |
| 36. | „Браќа Ламески,, од Бул.„Г.Делчев,, до „Кеј 1-ви Мај,, | 350 м. |
| 37. | „Бранко Секулоски-Бељата,,(стара,, Кеј 4-ти Јули,,) од „Генерал Васко Карангелески,, до „Ј.Јорданоски,, | 850 м. |
| 38. | „Вера Циривири,, од „Б.Талески,, до „Методија Патчев,, | 1050 м. |
| 39. | „Февруарски поход,, со „Борка Спиркоски,, по „Кеј 19-ти Септември,, до „Ј.Јорданоски,, | 900 м. |
| | В К У П Н О: | 38000 м. |

4.1.2.УЛИЦИ (2 приоритет) сообраќајници од поголемо значење за населението со вкупна должина 11550 м.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | „Мирче Ацев,, од „Александар Македонски,, до „Кеј 9-ти Септември,, | 300 м. |
| 2. | „Трајко Тарцан,, од „М.Ацев,, кај ОУ„Кочо Рацин,, по „Блаже Николоски,, до „Борка Талески,, | 400 м. |
| 3. | „Ѓорѓи Димитров,, од кружен ток до „Кирил Пејчиновиќ,, околу зградите | 800 м. |
| 4. | „Пенка Котеска,, од „Борка Талески,, до „3-ти Ноември,, | 500 м. |
| 5. | „3-ти Ноември,, од „Пенка Котеска,, до „Круме Беќар,, по „Круме Беќар,, до „Ѓ.Димитров,, | 650 м. |
| 6. | „Бистра,, и „Осоговска,, - Сточно Пазариште | 1100 м. |
| 7. | „Битолска,, од „Цар Самоил,, до „Б.Талески,, | 400 м. |
| 8. | „Ц.Коњарец,, од Шаторот до „Македонска,, | 1000 м. |
| 9. | „Македонска, од „Ц.Коњарец,, до „Јордан Грабулоски,,(стара „Динара,,) | 300 м. |
| 10. | „Блаже Иваноски,, од „Цар Самоил,, по „Јордан Грабулоски,, до „Македонска,, | 650 м. |
| 11. | „Цане Кузманоски,, од Сала „Македонија,, до Пивара | 700 м. |
| 12. | „Андон Слабејко,, од „Д.Нареднико,, до Железничкиот мост | 900 м. |
| 13. | „Борка Стеваноски,, од „А.Слабејко,, до „Бидимаш,, | 450 м. |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | „Р.Секирчанец„ од Бул.„Г.Делчев„ до „Егејска„ | 350 м. |
| 15. | „Ладо Лапецот„ од „Егејска„ до „Браќа Миладиновци„ | 500 м. |
| 16. | „К.Јосифоски„ од „Егејска„ до Интернат | 350 м. |
| 17. | „К.Волнароски„ од „Партизанска„ до „Целе Мавровски„-Под Кули | 550 м. |
| 18. | „Козјак„ од „Прилепски Бранители„ до „Мукос„ | 250 м. |
| 19. | „11-ти Октомври„ од „Ј.Јорданоски„ до „Генерал Васко Карангелески„ | 350 м. |
| 20. | „Крушевска„ од „ Ген.Васко Карангелески„ до „Бранко Секулоски-Бељата„ | 350 м. |
| 21. | „Киро К.-Платник„ од „Крушевска„ до „Наум Н.Борче„ | 300 м. |
| 22. | „Наум.Н.Борче„ од „Киро К.Платник„ до „Бранко Секулоски Бељата„ | 150 м. |
| 23. | „Гемиџиска„ од „Јоска Јорданоски„ до „Февруарски Поход„ | 250 м. |
| | В К У П Н О | 11550м |

**НАПОМЕНА:СЕ ЧИСТАТ СО ВОЗИЛО СО ПЛУГ**

Со посебен налог од нарачателот преку надзорниот орган, ќе се подигнува снегот и мразот од Старата чаршија и Бул.„Гоце Делчев„ во Прилеп.

Чистењето на сообраќајниците и локалните патишта кои не се предвидени со Оперативната програма ќе се врши само во исклучителни случаеви и со посебен налог од нарачателот.

Оперативната програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Прилеп„.

Број 07 - 2562/6
30.10.2008 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРРЕДУВАЊЕ ВРЕДНОСТИ НА ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ГРАДОТ ПРИЛЕП И СЕЛАТА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП И ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНИ ВРЕДНОСТИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ПО КАТАСТАРСКИ ОПШТИНИ**

1. Одлуката за одрредување вредности на градежно неизградено земјиште за градот Прилеп и селата во

Општина Прилеп и за одредување на почетни вредности на земјоделско земјиште по катастарски општини, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2582/6
03.11.2008 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 12 и 13 од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот („Сл. весник на РМ“ бр.50/2005) и член 26 од Статутот на општина Прилеп („Службен гласник на општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 30.10.2008 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**за одредување вредности на градежно-неизградежно земјиште за градот Прилеп и селата во општина Прилеп и за одредување на почетни вредности на земјоделско земјиште по катастарски општини**

Член 1

Со оваа одлука се одредува вредност на градежно-неизградежно земјиште за градот Прилеп и селата во општина Прилеп и почетните вредности на земјоделско земјиште по катастарски општини.

Член 2

Цената за метар квадратен градежно-неизградено земјиште ќе се движи во зависност од Зоната во градот, односно од населеното место и тоа:

Во градот 1, 2 и 3 зона по 2.000,00 ден/м²
4 и 5 зона по 1.700,00 ден/м²
6 зона по 1.200,00 ден/м²
Во селата и тоа:
- Селце по 120,00 ден/м²
|---|---|
| Број 07- 2562/13 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 30.10.2008 год. | на Советот на Општина Прилеп |
| Прилеп | Димитар Стevананџија |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО "НИСКО ГРАДБА - ВИК" ДООЕЛ - ПРИЛЕП

1. Решението за давање согласност на Одлуката за престанување на Друштвото "Ниско градба - ВИК" ДООЕЛ - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 – 2582/13 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 03.11.2008 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈОУ ДЕТСКА ГРАДИНКА "НАША ИДНИНА" - ПРИЛЕП, ЗА УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОДИНА

1. Решението за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУ Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп, за учебната 2008/2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 – 2582/14 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 03.11.2008 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 30.10.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУ за деца Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп за 2008/2009 година

1. Се усвојува Годишната Програма за работа на ЈОУ за деца Детска градинка "Наша иднина" -Прилеп за 2007/2008 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2562/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2008 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СОУ "РИСТЕ РИСТЕСКИ - РИЧКО" - ПРИЛЕП ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ УЧЕНИЦИ**

1. Решението за давање согласност на СОУ "Ристе Ристески - Ричко" - Прилеп за формирање паралелки со помал број ученици, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2582/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" 52/2002-пречистен текст, 40/2003, 42/2003, 78/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 71/2006 и 30/2007) , член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 11 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 30.10.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на СОУ "Ристе Ристески – Ричко" за формирање паралелки со помал број ученици

1. На СОУ "Ристе Ристески – Ричко" Прилеп му се дава согласност да формира паралелки со помал број ученици, во учебната 2008/2009 година и тоа:

- 1 (еден) клас со 21 ученик – електротехничар енергетичар во II година.
-1 (еден) клас со 23 ученици – електротехничар за електроника и телекомуникации во II година.
-1(еден) клас со 21 ученици – машински техничар - машинско-енергетски техничар во II година.
-1 (еден) клас со 20 ученици – автомеханичар, во III година.
-1 (еден) клас со 21 ученик – електротехничар - енергетичар во III година.
-1 (еден) клас со 21 ученик – машински техничар во IV година.

2. Решението да се достави до СОУ "Ристе Ристески – Ричко", Градоначалникот и Архивата на општина Прилеп.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07- 2562/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2008 година на Советот на општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СОУ "ОРДЕ ЧОПЕЛА" - ПРИЛЕП ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ УЧЕНИЦИ**

1. Решението за давање согласност на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп за формирање паралелки со помал број ученици, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2582/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средното образование (“Службен весник на РМ” 52/2002-пречистен текст, 40/2003, 42/2003, 78/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 71/2006 и 30/2007) , член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” 5/2002) и член 26 став 1 точка 11 од Статутот на општина Прилеп (“Службен гласник на општина Прилеп” 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 30.10. 2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за давање согласност на СОУ “Орде Чопела”-Прилеп за формирање паралелки со помал број ученици

1. На СОУ “Орде Чопела”- Прилеп му се дава согласност да формира паралелки со помал број ученици во учебната 2008/2009 гидина и тоа:

- 1 паралелка - процесен техничар со 18 ученици во **I**-ва година;
- 1 паралелка - прехранбен техничар со 18 ученици во **I**-ва година;
- 1 паралелка – техничар за фармерско производство со 20 ученици, во **I** година;
- 1 паралелка – техничар за хортикултура со 18 ученици, во **II** година;
- 1 паралелка – техничар за фармерско производство со 17 ученици, во **III** година;

2. Решението да се достави до СОУ “Орде Чопела” - Прилеп, Градоначалникот и Архивата на општина Прилеп.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07- 2562/17 | ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2008 година | на Советот на Општина Прилеп
Прилеп | Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СОЕПТУ "КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ - ПИТУ" - ПРИЛЕП ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛ БРОЈ УЧЕНИЦИ**

1. Решението за давање согласност на СОЕПТУ "Кузман Јосифовски - Питу " - Прилеп за формирање паралелки со помал број ученици, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2582/17 | ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2008 година | на Општина Прилеп
П р и л е п | Марјан Ристески

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средното образование (“Службен весник на РМ” 52/2002-пречистен текст, 40/2003, 42/2003, 78/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 71/2006 и 30/2007) , член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” 5/2002) и член 26 став 1 точка 11 од Статутот на општина Прилеп (“Службен гласник на општина Прилеп” 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 30.10.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за давање согласност на СОЕПТУ “Кузман Јосифоски – Питу” за формирање паралелка со помал број ученици

1. На СОЕПТУ “Кузман Јосифоски – Питу” Прилеп му се дава согласност да формира паралелки , со помал број ученици, во учебната 2008/2009 година, и тоа:

- 1 паралелка со 23 ученици - економска струка во II година.
- 2 паралелки со 24 ученици - економска струка во II година.
- 1 паралелка со 20 ученици - трговска струка во II година.
- 1 паралелка со 24 ученици - економска струка во III година.
- 2 паралелки со 24 ученици - економска струка во IV година.

2. Решението да се достави до СОЕПТУ “Кузман Јосифоски – Питу”, Градоначалникот и Архивата на општина Прилеп.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07- 2562/18 | ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2008 год. | на Советот на Општина Прилеп
Прилеп | Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп"

бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2582/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 26, точка 4 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 30.10 2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се вршат измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година.

**Член 2**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 г. („Службен гласник на општина Прилеп" 16/2006) , во членот 7 став 1 се менува и гласи

- „Надоместокот за превоз до и од работно место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5км од работното место во висина на цената на јавниот превоз, односно во висина од стварните трошоци во јовниот сообраќај.

**Член 3**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 г. („Службен гласник на општина Прилеп" 16/2006) , во членот 8 се менува и гласи :

- „Надоместокот за храна во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) изнесува 25 % од просечната месечна нето плата по вработен во РМ исплатена во последните 3(три) месеци.

**Член 4**

Оваа Одлука ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп", стапува во сила со денот на објавувањето , а ќе се применува од 10 Април 2008 година.

Број 07-2562/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2582/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 43 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 30.10. 2008 година, донесе:

***О Д Л У К А***
**за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина - Прилеп за 2008 година и тоа на следниот начин:

Потпрограма Бует.Самофин.Донац.Дотац.Кредити
Потставка

**Е0 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**
426990 Другиоперативни расходи
- 650.000 0 0 0 0

**ЈА ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**
482820 Изградба на капацитети во енергетиката
- 650.000 0 0 0 0

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2562/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.10.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2582/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 10 од Законот за јавна чистота („Сл.весник на РМ„ бр. 111/08) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 30.10.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за одржување на јавната чистота во Општина Прилеп

Член 1

Со оваа одлука се регулира одржувањето на јавната чистота на јавните површини, начинот на користење на јавните површини и собирањето на сметот, чистење на снег и мраз, отстранување на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота, како и мерките за спроведување на одлуката.

Член 2

Под одржување на јавна чистота на јавни површини се подразбира чистење(метење и миење) на јавни површини и отворени простори на јавни објекти, како и чистење на снег во зимски услови.

Јавни површини и отворени простори на јавни објекти се улици,тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови,подвозници ,надвозници,мостови,паркиралишта , скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај,градски паркови, парк-шуми, улични тревници,видиковци,гранични премини,железнички, автобуски и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура, јавни телефонски говорници, зоолошки градини,градски гробишта, сајмиша, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти(стадиони. хиподроми, стрелишта и сл.)јавни капалишта и отворени простори околу други јавни објекти.

Член 3

Одржувањето на јавната чистота и чистењето на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини го врши јавно претпријатие за комунални услуги,основано од општина Прилеп (давател на услуги).

За вршење на работите на одржување на јавната чистота, општината секоја година донесува годишна програма која содржи:вид и обем на работите што треба да се извршуваат, финансиски средства, временски рокови за извршување на работите, динамика и начин на вршење на работите.

Член 4

Правните и физички лица сопственици на објекти,односно сопственици и корисници на отворените простори на јавни објекти што се за редовна употреба на овие објекти должни се тие простори редовно да ги одржуваат на тој начин што нема да создаваат смет и други отпадоци, како и да го одржуваат зеленилото на тие простори.

Организаторите на јавни манифестации (културни, спортски и други)на митинзи, прослави и други собири должни се по завршувањето на манифестацијата,односно собирот да го соберат сметот направен од учесниците на манифестацијата, односно собирот и да го остават на определеното место за таа намена,во рок од 4(четири) часа по завршување на манифестацијата или собирот.

Пред одржување на јавните манифестации , митинзи, прослави и други

собири, организаторите се должни претходно да склучат договор со ЈКП„Комуналец„-Прилеп.

При посета на излетнички места посетителите се должни при заминувањето од излетничкото место да го соберат сметот и да го остават на определеното место за таа намена.

Член 6

Сите сопственици, односно корисници на објекти се должни сметот редовно да го собираат и оставаат на места определени за таа намена,согласно Програмата.

Правните лица што ги вршат работите на одржување на јавната чистота се должни сметот од јавните површини редовно да го собираат и остават на места определени за таа намена.

Член 7

Сопственикот, односно лицето кое управува со јавен објект е должен да ја одржува јавната чистота во јавниот објект и неговата дворна површина, при што треба да обезбеди:

-редовно чистење и одржување на просториите во објектот;

-садови за фрлање на отпадоци и

-инсталациите во санитарните јазли да бидат исправни и чисти и да обезбеди тоалетна хартија , машини за сушење на раце или хартија во секое време.

Член 8

Корисниците на инсталации во јавните санитарни јазли и во санитарните јазли во јавните објекти, заради обезбедување на јавната чистота се должни по користењето на истите задолжително да пуштат вода.

Член 9

Во зимски услови при снежни врнежи давателот на услугата е должен да го исчисти снегот од јавните површини најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи.

Во зимски услови при снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти, со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

Член 10

На јавните и сообраќајни површини треба да се поставaт садови за отпадоци кои ги одржува давателот на услуги.

Корпите за отпадоци поставени на такси станиците и стојалиштата за градски и приградски превоз , на површините и објектите што се намемети за јавни приредби и слични манифестации, ги поставуваат и одржуваат корисниците на јавните површини и објектите во кои се врши дејност.

Типот,видот и бројот на садовите за отпад, согласно со утврдената технологија, ги определува давателот на услугите ,односно корисниците од став 2 на овај член, по претходна согласност на Одделението за комунални работи.

Локациите за садовите од став 3 на овој член ќе се утврдат со Програмата за поставување на времени објекти.

Член 11

На јавните површини забранети се дејствија утврдени во член 14,16,17 и 19 од Законот за јавна чистота(„Сл.весник на Р.М„ бр.111/08).

Член 12

На дрвјата засадени на јавните површини се забранува прикачување,лепење на некролози,огласи,објави и сл.

Член 13

Возилата што учествуваат во сообраќајот не смеат да ги загадуваат јавните површини.

Возилата што превезуваат материјал мораат да имаат соодветна заштита за да се спречи истурање на материјалот што го превезуваат по јавните површини.

Член 14

За привремено зафаќање на јавни сообраќајни површини за потребите на градилиште, за истовар, сместување и утовар на градежен материјал, подигање на скелиња за поправка на згради и слични градежни работи,повремено можат да се користат јавни површини, доколку не постојат други услови за вршење на овие работи, по добиено одобрение од Одделението за комунални работи , а по претходно мислење на надлежниот орган кој ги одржува тие површини.

За поставување и користење на скелиња за сушење на тутун, под одредени услови, може времено да се користат јавни површини, по добиено одобрение од Одделението за комунални работи, а по претходно изработена скица и мислење од надлежниот орган кој ги одржува тие површини.

Одобрението од став 1 и 2 на овој член содржи: условите и начинот на истовар и сместување на градежниот материјал, мерките на сигурност, времето за истовар и сместување на материјалот, надоместокот за користење на јавната површина, освен кога тие работи се вршат за потребите на општина Прилеп, како и времетраењето на одобрението.

При извршување на горенаведените работи, пред нивното започнување мора да се осигура проодноста на тротоарите и улиците.

Јавните површини кои што се зафаќаат мора да со оградат со прописна ограда која треба да се се означи и осветли. Материјалот што ќе се постави мора уредно да биде нареден и да не го спречува истекувањето на атмосферските води.

Член 15

Изведувачот на градежни работи мора да обезбеди земјата да не се растура по јавната површина ако работите траат повеќе од 24 часа.

Мешањето на бетон и друг материјал мора да се врши во соодветни садови .

Тротоарите и улиците, на кои се поставени скели можат да се исклучат од сообраќај само за време додека градбата што се гради не биде во висина на приземјето.

Преминот под скелите мора да е заштитен од паѓање на материјали со кои се гради, со кров во висина од 3 метри над тротоарот.Пешаците мора да се заштитат при поминувањетото под скелетон со водорамна и вертикални заштитници.

Ако градењето од било кои причини биде запрено на подолго време изведувачот на работите е должен да го отстрани скелето и другиот градежен материјал од јавните површини.

Член 16

Изведувачот на градежните работи најдоцна 24 часа од завршувањето на работата е должен да го отстрани целиот градежен материјал и опремата, а јавната површина да ја доведе во состојба во која била пред започнување на градежните работи.

Член 17

Во текот на извршување на работите изведувачот е должен:

-да ја исчисти јавната површина околу градилиштето од секаков вид на градежен и друг материјал, кал и слично,кои се наоѓаат на јавната површина како последица од вршење на неговата дејност;

-при рушење на градежни објекти изведувачот на работите е должен материјалот што го руши да го полева со вода, заради спречување на ширење на прашина;

-сливниците за атмосверска вода во близина на местото каде што се вршат градежните работи редовно да ги чисти и

-градежниот материал да го депонира во градилиштето на начин што нема да го спречува сообраќајот и слободното истекување на атмосверските воиди и ќе го спречи растурањето на материјалот по јавните површини.

Член 18

Растовар на дрва, јаглен и сл., сечење и цепење на дрва се врши во дворните места.

По исклучок,доколку не постојат услови во дворните места, дел од јавна површина може да се користи за истовар на дрва,јаглен и сл., како и сечење и цепење на дрва, без притоа да се спречи одвивањето на сообраќајот и движењето на пешачите.

Дрвата, јагленот и сл. материјали мора да се отстранат во рок од 24 часа, а употребената јавна површина да се исчисти и доведе во првобитна состојба.

Член 19

Утоварувањето и растоварот на стока и материјал се врши надвор од јавните површини, а доколку не постојат услови за тоа може да се користи јавна површина, а стоката и материјалот мора да се отстранат во рок од 3 часа по истоварот.

Член 20

На јавните површини пред продавници, работилници и складишта не смее да се остава амбалажа, производи, градежен материјал и слично.

На улици и тротоари пред угостителски објекти и продавници се забранува поставување на тезги, маси, столови и сл., освен на локации определени за таа намена, а по претходно одобрение издадено од Градоначалникот на општина Прилеп.

Член 21

Контролата на одржувањето на јавната чистота ја врши комуналниот редар.

Инспекциски надзор во спроведувањето на оваа одлука врши општинскиот комунален инспектор.

Член 22

За непридржување кон одредбите од оваа одлука за прекршок ќе се казнат правните лица , одговорните лица во правното лице како даватели на услуги, правните лица,одговорните лица во правните лица како корисници на услугите и физичките лица согласно прекршочните одредби од Законот за јавна чистота.

Член 23

Со влегување во сила на оваа одлука престануваат да важат одредбите на глава„Одржување на јавната чистота„ од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување(„Сл. Гласник на општина Прилеп„бр 5/98 ).

Број 07- 2562/21
30.10.2008 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

**АКТ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ОДБЕЛЕЗУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ, ЛИЧНОСТИ И ПРАЗНИЦИ**

Врз основа на член 43 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003) и член 4 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија број 08 - 1281/5 од 03.10.1997 година, Комисијата за одбележување значајни настани, личности и празници, на седницата одржана на ден 24.10.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за доделување на награди и признанија по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп

**Член 1**

***Наградата за животно дело - Златна плакета,*** по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп, се доделува на **Борис Трајанов,** оперски пејач, за заслугите што ги дава како промотор на Прилеп и на Македонија во Светот.

**Член 2**

**Наградите - плакети** по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп се доделуваат на:

**- Министерство за транспорт и врски,** заради помошта што ја дава на Општина Прилеп, за реализација на повеќе проекти.

- **Германска амбасада**, за успешна соработка на многу полиња, а особено за донациите од КФЊ банка, како и за уредувањето на Германските гробишта од Првата светска војна.

- **"Алдинг инжинеринг" ДООЕЛ и "Тинекс" - Скопје** за несебичната помош во реновирањето на куќата на Менче Настеска зафатена од пожар и изгорена до темел.

- "**ЛУК ОИЛ"**, заради вложувањто во Прилепското стопанство и вработувањето на голем број на граѓани со што служат за пример на останатите фирми и институции дека Општина Прилеп е одлично место за вложување на капитал.

- **Стопанска комора на Македонија - Регионална комора – Прилеп,** за постигнувањата во иницирањето и поддршката за реализација на главните приоритети за развој на Општина Прилеп.

- **ЈКП "Комуналец" - Прилеп,** за одлична заложба во одржувањето на чистотата во Прилеп како и започнувањето со реализација на Проектот за градската капела и Проектот за рециклирање на употребената пластична амбалажа.

**Член 3**

***Наградите - дипломи*** по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп, им се доделуваат на:

**- Илија Јанчулески,** за неговата 60-тодишна музичка активност и 50 години професионална музичка дејност.

**- Томислав Темелкоски и Виолета Проскоска,** заради несебично вложување на труд и средства при изградбата на Планинарскиот дом на Селечка планина.

**-Сабина Асаноска**, заради вложување на парични средства во ОУ "Добре Јованоски" со што ги подобри условите за одржување на наставата во училиштето.

**- Наталија Ацеска ,** за подобрување на прилепското општествено живеење, за реализацијата на голем број проекти, споменувајќи ги одбележувањето на Денот на планетата Земја и "Жетва на знаење".

**- Гоце Седлоски,** за постигнати резултати во областа спортот.

**- Петре Алавантиоски,** заради вложување труд во занаетчиската дејност повеќе од 20 години.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп"

Број 07 – 2517/1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
24.10.2008 год. на Комисијата за одбележување
П р и л е п значајни настани, личности и празници
Примариус Д-р Благоја Дамески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, III КВАРТАЛ**

1. Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп III квартал, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2582/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

***С О Д Р Ж И Н А***
*на "Службен гласник на Општина Прилеп"*
*број 12 од 03.11.2008 година*

1. Етички кодекс на локалните функционери во Република акедонија.........................................**Стр.1**
2.. Заклучок по Информацијата за спроведена превентивна систематска дезинсекција на подрачјето на град Прилеп...........................................................................................................................**Стр.4**
3. Заклучок по Информацијата за изборните предмети веронаука и запознавање на религиите во основните училишта во Прилеп...........................................................................................................**Стр.5**
4. Оперативна програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Прилеп тза сезоната 2008/2009 година..............................................................................**Стр.5**
5. Одлука за одрредување вредности на градежно неизградено земјиште за градот Прилеп и селата во Општина Прилеп и за одредување на почетни вредности на земјоделско земјиште по катастарски општини...........................................................................................................................**Стр.12**
6. Одлука за определување на пасивните места во Општина Прилеп кои се ослободени од плаќање на комунална такса. ..................................................................................................**Стр.16**
7. Програма за измена и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2008 година...........................................................................**Стр.17**
8. Одлука за донесување измени и дополнувања на ГУП на град Прилеп, за дел од УЕ бр. 1 и 2, урбан блок 1/4 и 2/4, со површина на планскиот опфат 58,40 ха............................................................ **Стр.17**
9. Одлука за утврдување Нацрт измени и дополнувања на Генерален урбанистички план на град Прилеп за урбана единица 1, урбани блокови 1/5, 1/6, 1/7 и 1/8 во Прилеп............................................**Стр.19**
10. Одлука за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за УАЕ бр. 11, урбан блок 11/2-дел, плански опфат "А", во Прилеп...................................................................................................**Стр.21**
11. Одлука за утврдување Нацрт-Детален урбанистички план за УАЕ бр. 11, урбан блок 11/3-дел, плански опфат "А1" и "А2", во Прилеп.............................................................................................**Стр.23**
12.. Решение за давање согласност на Одлуката за престанување на Друштвото "Ниско градба - ВИК" ДООЕЛ - Прилеп. ..........................................................................................................**Стр.24**
13. Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУ Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп, за учебната 2008/2009 година.................................................................................**Стр.25**
14.Решение за давање согласност на СОУ "Ристе Ристески - Ричко" - Прилеп за формирање паралелки со помал број ученици. ...........................................................................................**Стр.25**
15.Решение за давање согласност на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп за формирање паралелки со помал број ученици. ...................................................................................................................**Стр.26**
16.Решение за давање согласност на СОЕПТУ "Кузман Јосифовски - Питу " - Прилеп за формирање паралелки со помал број ученици..........................................................................................**Стр.26**
17. Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година. .............................................................................................................................................**Стр.27**
18. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година..........................................................................................................................................**Стр.28**
19.Одлука за одржување на јавната чистота во Општина Прилеп. ............................................**Стр.28**
20. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп, III квартал............ ..**Стр.33**

**АКТ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ОДБЕЛЕЗУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ, ЛИЧНОСТИ И ПРАЗНИЦИ**

1. Одлука за доделување на награди и признанија по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп. ............................................................................................................ ..**Стр.1**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.